ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) 0800 33 222
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Дата: 22.05.2012

# СООПШТЕНИЕ

**Условни надоместоци за Јавни здравствени установи**

Минатогодишното воведување на условни надоместоци се покажа како успешна приказна во Македонското здравство и за тоа ФЗОМ доби пофалби не само од здравствените установи туку и најзначајното признание, од самите пациенти. Сите здруженија на пациенти со кои ФЗОМ редовно коминицира ја изразија оваа новина како крајно позитивна. Затоа и оваа 2012 година ФЗОМ согласно добиените информации од здруженијата на пациенти за области каде треба условување/стимулирање на ЈЗУ ФЗОМ воведе повторно но и ги прошири условните буџети.

Воведувањето на специфичен вид и обем како составен дел на договорите со дел од јавните здравствени установи за периодот од април 2011 до март 2012 година, ја постигна целта **да се стимулираат здравствените установи да ги обезбедат оние услуги кои беа дефицитарни или несоодветно планирани.** Имено, сите здравствени установи кои како составен дел на договорот имаа и план за специфичен вид и обем, во најголем дел истиот го реализираа и ги добија дополнителните условени средства. На тој начин на осигурените лица им беа обезбедени одредени услуги **во зголемен обем и квалитет, вклучително и современи методи на лекување со современа терапија**, но **се намалија и листите за чекање** за одредени здравствени услуги. Исто така се зголеми одговорноста на конкретните ЈЗУ и се стимулираа директорите и докторите за **отчетност и оправдување на сработеното**. На тој начин се зајакна улогата на Фондот како **стратешки купувач на здравствени услуги.** Поради тоа Фондот за здравствено осигурување при склучување на новите договори со јавните здравствени установи за обезбедување и извршување на здравствени услуги на осигурените лица за периодот од април 2012 заклучно со декември 2012 година, ја прошири листата на здравствените установи **од 9 на 15 здравствени установи.** Следењето на остварувањето на здравствените услуги утврдени во Планот за специфичниот вид и обем **се спроведува на квартално ниво врз основа на фактурираните здравствени услуги** и пресметката за остварениот планиран специфичен вид и обем, по истекот на секој квартал. Овие податоци потоа се споредуваат со податоците на Фондот добиени од ДСГ груперот за ДСГ услугите како и со податоците од контролите спроведени на терен во здравствените установи.

Доколку здравствената установа не ги изврши планираните здравствени услуги, определени во планот за специфичен вид и обем, Фондот по истекот на секој квартал или шестмесечје ќе ги намали неискористените средства за таа намена. Но, на здравствените установи им се дава можност доколку во наредните квартали остварат износ повисок од предвидениот, односно доколку ги остварат и здравствените услуги предвидени во Планот за специфичниот вид и обем за изминатите квартали, покрај планираните за наредните квартали, Фондот да им ги врати средствата.

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
**ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА)** **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

За периодот април 2012 заклучно со декември 2012 година План за специфичен вид и обем на здравствени услуги во вредност од околу 240 милиони за следниве 15 здравствени установи:

1. **ЈЗУ Универзитетска клиника за торокална и васкуларна хирургија** - за 59 васкуларни процедури, 162 процедури на граден кош и дигестивен тракт во вкупен износ од 23 милиони денари;
2. **ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија** - за 11 трансплантации на коскена срцевина во вкупен износ од 4.9 милиони денари;
3. **ЈЗУ Универзитетска клиника за ревматологија** - за третман на 85 лица со ревматоиден артрит со специфична терапија во вкупен износ од 20 милиони денари;
4. **ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија** - за 5 трансплантации на бубрези и црн дроб во вкупен износ од 3.3 милиони денари;
5. **ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија** - за 20 трансплантации на бубрези во вкупен износ од 17.4 милиони денари;
6. **ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести** - за третман на 120 деца со цистична фиброза и третман на 100 деца со хормон за раст во вкупен износ од 67.7 милиони денари;
7. **ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести -** за 450 оперативни зафати на катаракта со фако метода во вкупен износ од 14.4 милиони денари;
8. **ЈЗУ Универзитетска клиника за уво нос и грло** - за вградување на 3 кохлеарни импланти во вкупен износ од 3.3 милиони денари;
9. **ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија** - за третман на 205 лица заболени од мултипна склероза со имуномодулаторна терапија во вкупен износ од 7.4 милиони денари;
10. **ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство** – за биомедицинско потпомогнато оплодување за 40 осигуреници во вкупен износ од 3.2 милиони денари;
11. **ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина** – за ХЛА ДНК типизација на 110 случаи при трансплантации на ткива и органи во вкупен износ од 2.8 милиони денари;
12. **ЈЗУ УК за хируршки болести Св. Наум Охридски** – за 420 испитувања со интравенска урографија и 1.800 испитувања со магнетна резонанца во вкупен износ од 15 милиони денари;
13. **ЈЗУ Градска општа болница 8 Септември** –за 470 оперативни зафати на катаракта со фако метода и 250 литотрипсии на уринарни камења во вкупен износ од 22.2 милиони денари;
14. **ЈЗУ Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања Охрид** – за 10 електрофизиолошки испитувања, 13 имплантации или замени на пејсмејкер, 225 перкутани коронарни интервенции и 30 хируршки процедури на вени во вкупен износ од 19.1 милиони денари;
15. **ЈЗУ Институти Медицински факултет** – за 500 ХЛА ДНК типизации на доброволни дарители за матични клетки во вкупен износ од 15 милиони денари.

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) 0800 33 222
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Фондот подотвува дополнителни условни надоместоци за други здравствени установи за кои ќе обезбеди информација во наредниот период.

Фондот останува **доследен во спроведување на сите активности и мерки за обезбедување на навремени и квалитетни здравствени услуги кои се неопходни за осигурениците.**

ФЗОМ